Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 16.02.2020

На 16.02.2020 во 02.00 часот, полициски службеници на СВР Скопје на ул.„Бутелска" го лишиле од слобода М.С.(55) од Скопје, поради тоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.02.2020 во 15.20 часот, полициски службеници на СВР Скопје, во реонот на Гази Баба, ја лишиле од слобода Х.Р.(32) од Гостивар, со привремено живеалиште Скопје, затоа што при преглед кај неа била пронајдена прашкаста материја. Таа била приведена во полициска станица и по целосно документирање на случајот против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.02.2020 во 23.45 часот, полициски службеници на СВР Струмица, на место викано „Бел рај", атар на с.Миравци, гевгелиско, од слобода ги лишиле С.К.(40) од с.Удово, гевгелиско, С.Д.(39) и М.Р.(38), двајцата од с.Миравци, затоа што при преглед кај С.К. била пронајдена марихуана, а С.Д. и М.Р., поради сомнение за сторено кривично дело по член 216 од Кривичниот законик. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.02.2020 во 22.15 часот во Полициската станица Тетово бил приведен и задржан Ф.С.(18) од Косово, поради нерегулиран престој во Р.С.Македонија. Исто така, при преглед кај него бил пронајден нож, кој бил одземен. За настанот бил известен јавен обвинител.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против 15-годишник од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 14.10.2019 во градинка на зеленио пазар во Куманово, полициски службеници, при преглед на пријавениот, пронашле и одзеле марихуана.

На 15.02.2020 во 07.40 часот на магистралниот пат Струмица - Ново Село, кај „Робовска крстосница", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „тојота авенсис", со струмички регистарски ознаки, управувано од Ѓ.С.(27) од с.Турново, струмичко, патничко возило „шевролет матиз", со струмички регистарски ознаки, управувано од К.Ѓ.(64) од с.Босилово, струмичко, и патничко возило „рено твинго", со струмички регистарски ознаки, управувано од В.А.(61) од Струмица. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил В.А. и бил пренесен во комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје за укажување на лекарска помош, додека со телесни повреди се здобиле Ѓ.С. и К.Ѓ.. увид на местото извршила екипа од СВР Струмица. За време на увидот од 08.00 до 12.00 часот собраќајот бил во прекин во двата правца.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Д.А.(60) од с.Просениково, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 02.09.2019 полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот во с.Просениково, при што пронашле и одзеле марихуана, хашиш и делови од растение Cannabis.

На 15.02.2020 во 14.00 часот во Полициската станица Карпош, С.Л.(38) од Скопје пријавил дека на ул.„Франце Прешерн" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 15.02.2020 во 12.30 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција на ул.„Кузман Шапкарев" во Скопје сопреле патничко возило „фолксваген пасат", со скопски регистарски ознаки, управувано од 16–годишен малолетник од с.Рашче, скопско. При извршениот преглед на возилото биле пронајдени и одземени пиштол "Walter", калибар 7,65мм и една метална рамка со седум куршуми. Лицето било лишено од слобода и приведено во полициска станица, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.02.2020 околу 01.50 часот, полициски службеници од Полициската станица Прилеп пред угостителски објект на ул.„Кузман Јосифоски" во Прилеп го лишиле од слобода И.Ј.(27) од Прилеп, поради тоа што физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија, а претходно направил сообраќаен прекршок на истата улица. Тој бил приведен во Полициската станица Прилеп и по целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.02.2020 во 16.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Е.М.(55) од Скопје пријавила дека на 12.02.2020 на нејзиниот домашен телефон се јавило женско лице и ѝ кажало дека направило сообраќајна незгода, по што веднаш се јавило машко лице кое ѝ кажало дека нејзината ќерка направила сообраќајна незгода и дека треба да плати одреден износ. Според пријавеното, откако таа му одговорила дека нејзината ќерка е дома, лицето ја прекинало врската. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.02.2020 во 03.30 часот, полициски службеници од Полициската станица Тетово, пред дискотека на ул.„Маршал Тито" во Тетово, ги лишиле од слобода Б.Б.(19) и М.Н.(20), двајцата од Тетово, поради тоа што физички нападнале полициски службеници кои извршувале службени дејствија. Тие биле приведени во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.02.2020 во 21.37 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Среќко Пужалка" едно лице со закана со пиштол од вработените одзело пари и побегнало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.02.2020 околу 01.00 часот во Полициската станица Берово било пријавено дека во казино во Берово бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.У.(40) и А.Т.(31), двајцата од Берово. Изготвени се записници за констатиран прекршок по член 11 став 1 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 15.02.2020 година во 18.01 часот во СВР Скопје, од Ургентен центар при Комплекс клиники „Мајка Тереза" Скопје било пријавено дека кај нив било донесено повредено лице со остар предмет. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека станува збор за С.А.(54) од Скопје, кој бил повреден од неговиот син Д.А.(23) во семејниот дом на ул.„Бигла". Д.А. бил пронајден во домот и лишен од слобода. Се работи на целосно расчистување на случајот, а по негово документирање ќе следи соодветен поднесок.

СВР Велес поднесе кривична пријава против З.С.(44) во Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 28.09.2019 и 03.10.2019 на крстосница за с.Горно Врановци, пријавениот со товарно возило „сканија", во негова сопственост, вршел јавен превоз на огревно дрво без лиценца за превоз од надлежна институција.

На 15.02.2020 во 18.12 часот во СВР Скопје, вработена во Ургентен центар - Неврологија при Комплексот клиники „Мајка Тереза" пријавила нарушување на јавниот ред и мир од страна на неколку лица кои дошле на клиниката, се однесувале агресивно и им се заканувале на вработените. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека станува збор за лицето Љ.Н. од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.02.2020 во 22.30 часот во Полициската станица Центар, М.И.(18) од Скопје пријавил дека на ул.„Димитрие Чуповски" две лица со употреба на сила му одзеле пари и побегнале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет